РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 03-856/3
14. 4. 2022 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

Предмет: Одговор на барањето за слободен пристап до информации, со наш број 03-856/1 од 12.4.2022 година

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101 од 22.5.2019 година), Ви доставуваме одговор на Вашето барање.

Сите наведени податоци се од декември 2021 година.
Број на вработени лица во Бирото за развој на образованието - 163 лица и тоа:

- вработени по пол – 104 жени и 59 мажи;
- раководни лица по пол – 9 жени и 6 мажи;
- нераководни лица по пол – 95 жени и 53 мажи;
- вработени Роми – нема;
- раководни лица Роми - нема.

Биро за развој на образованието

(Службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер – Ирена Борисовска)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 03 - 856/2
14.4. 2022 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр. 101/19), член 20 став 1 од Законот за Бирото за развој на образованието („Службен весник на РМ” бр. 37/06, 142/08, 148/09, 69/13, 120/13, 148/13, 41/14, 30/16 и 64/18), член 22 од Правилникот за внатрешна организација во Бирото за развој на образованието бр. 01-970/1 од 18.06.2015 година, и Решението за определување службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 02-135/1 од 30.01.2020 година, се донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

Се одобрува барањето за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-856/1 од 12.4.2022 година [redacted] истражување С[redacted]

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

- На 12.4.2022 година до Бирото за развој на образованието, беше доставено барање за податоци за вработените во Бирото за развој на образованието за 2021 година односно од вкупниот број на вработени да бидат наведени по однос на пол, раководни места поделени по пол, вработени на нераководни места по пол, вкупен број на вработени Роми поделени по пол, како и вкупен број на вработени Роми на раководни позиции, поделени по пол.

Барањето се разгледа од страна на овластеното лице и се констатира дека истото е основано.
Имајќи го предвид горенаведеното се донесе решение како во диспозитивот.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Барателот
- Архивата

Службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер

Ирена Борисовска

Ирена Б.

…КА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
…НИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
…иро за развој на образованието
…NISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCES
Byroja e zhvillimit të arsimit
СКОПЈЕ – SHKUP

| …римено: Pranuar: | 12. 4. 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един: Nj. org | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera: |
| 03 | 856/1 | ✓ | |

бр. 0302-103/22
05.04.2022 година

До: Биро за развој на образованието
Ул. "Руѓер Бошковиќ" бр. 20, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Електронска пошта: bro.macedonia@bro.gov.mk

Во: Скопје
Датум: 05.04.2022 година

Архивски знак. ______________
Рок на чување. ______________
______________ 20 ___ год.
Потпис,

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/06; бр. 86/08, бр. 6/10 и бр. 42/14), **Ве молиме како имател да ни ги доставите следниве информации од јавен карактер:**

1. **Да ни доставите податоци за вработените во Биро за развој на образованието за 2021 година, посебно според наведените прашања:**

1.1. Вкупен број на вработени, поделени по пол;
1.2. Вработени на раководни работни места, поделени по пол;
1.3. Вработени на нераководни работни места, поделени по пол;
1.4. Вкупен број на вработени Роми, поделени по пол;
1.5. Вработени Роми на раководни позиции, поделени по пол.

2. **Да ни доставите податоци за вработените Ромки во Биро за развој на образованието за 2021 година, посебно според наведените прашања:**

2.1. Назив на работно место на вработените Ромки;
2.2. Степен на образование на Ромките за конкретните работни места на кои се вработени

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис √
- в) фотокопија
- г) електронски запис mail: olivera.stojkovska@hera.org.mk
- д) друго---------------------------------------------------------------

www.hera.org.mk

[redacted]

[redacted]

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс

**-г) е-маил:** [redacted]
- д) друго-----------------------------------------------------------------------

[redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Изготвила: [redacted]

Одобрила: [redacted]

[redacted]